Врз основа на Член 18, став 2 алинеја 10 од Законот за здруженија и фондации од 12.04.2010год. и врз основа на Член 20, став 1 алинеја 2 од статутот на здружението Македонска Асоцијација на Интернационални Водичи во Планина МАИВП, Собранието на МАИВП на седницата одржана на 12.04.2014 год. ги усвои следните измени на статутот како и следниот прочистен текст на

# С Т А Т У Т
## на
## "МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ ВОДИЧИ ВО ПЛАНИНА" МАИВП

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член1

" **МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ ВОДИЧИ ВО ПЛАНИНА** " - **МАИВП** како здружение на граѓани (во понатамошниот текст: Здружението) е самостојно, невладино, непрофитно, непартиско здружение на граѓани, во кое членуваат државјани на Република Македонија, кои во неа ги остваруваат своите лични и колективни права и слободи.

### Член 2

Здружението дејствува на територијата на Р.Македонија, соработува со сите организации и институции, а неговата работа се одвива во согласност со постоечките Закони на Република Македонија, Уставот и Статутот.

### Член 3

Здружението има својство на правно лице со права, должности и одговорности утврдени со овој Статут и Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Здружението е самостојно во организирањето и остварувањето на своите цели, задачи и активности во согласност со овој Статут и Законите во Република Македонија.

### Член 4

Името на здружението на граѓани е: **Македонска Асоцијација на Интернационални Водичи во Планина МАИВП** - Скопје

Името за меѓународна употреба е превод на англиски јазик испиШан со латинична азбука кој гласи "**MACEDONIAN ASSOCIATION OF INTERNATIONAL MOUNTAIN LEADERS** " или скратено **MKAIML**.

Здружението ќе има свој амблем. Изгледот на амблемот ќе се уреди со посебна одлука од Извршниот Одбор.

Седиштето на Здружението е на: Ул. "40" бр. 2 с. Радишани 1000 Скопје

### Член 5

Здружението има печат и штембил.

Печатот на Здружението е Целосното име на здружението "МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ ВОДИЧИ ВО ПЛАНИНА" испишано во кружна форма со кирилична азбука и на македонски јазик. а во средината е наведено кратенката од името на македонски "МАИВП" .

**Член 6**

Во работата на Здружението се употребува името впишано во централниот регистар.

Работата на телата во Здружението се одвива на македонски јазик.

## 2.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 7**

Цели и задачи на Здружението се:

- Промовирање и развивање на професијата водич во планина и алпинистички водич како и создавање услови за квалитетно вршење на дејноста;
- Грижа за едукацијата и континуираната надградба на водичите во планина и алпинистичките водичи, преку организирани системи за едукација;
- Создавање услови за развој на планинскиот туризам во Република Македонија;
- Промовирање на македонскиот планински туристички потенцијал во светот;
- Соработка со меѓународните организации на водичи и лидери во планина, како и со организации кои се занимаваат со планински туризам;
- Вршење и други работи во согласност со овој Статут, Законите и Уставот на Република Македонија.

## 3.УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО И ПРАВАТА, ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 8**

Во Здружението може да членува секој граѓанин, кој ја исполнува законската норма за членување во организација и кој истовремено ги прифаќа целите и задачите на Здружението.

Член на Здружението може да биде лице кое е државјанин на Република Македонија и лица странски државјани носители на лиценца за водичи во планина или алпинистички водичи, според стандардите на меѓународните унии за водичи “UIMLA – Union of International mountain leader assotiations” и “IFMGA – International Federation of Mountain Guide Assotioations”.

Член на Здружението се станува со потпишување на пристапница.

Членувањето во Здружението е слободно и доброволно.

**Член 9**

Основни принципи на работа на Здружението се:

-се почитува автономијата и самостојноста на секој член на Здружението;

-сите членови на Здружението се рамноправни и еднакви во остварувањето на правата и обврските;

-еднаквост во слободата, правата и обврските на секој член без разлика на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

**Член 10**

Членството во Здружението престанува по сопствено барање или со исклучување поради непридржување кон одредбите од Статутот.

За исклучување одлучува Собранието по предлог на Извршниот одбор.

**Член 11**

Правата и обврските на членовите на Здружението се:

-да раководат со работата на Здружението, да ги избираат органите и телата на Здружението и да вршат надзор над нивната работа;

-да покренуваат иницијативи, предлози заради остварување на целите и задачите на Здружението;

-да се придржуваат на одредбите од овој Статут и актите на органите и телата на Здружението;

-да вршат други работи кои се во согласност со Статутот на Здружението и важечките законски норми во Република Македонија.

**Член 12**

Одговорноста на членовите на Здружението се утврдува врз основа на превземените обврски и надлежности во согласност со овој Статут.

## 4.ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ

**Член 13**

Здружението се организира на територијален принцип.

Основен облик на територијално организирање на Здружението е територијата на Република Македонија.

**Член 14**

Здружението со одлука на Собранието може да формира општински или регионални канцеларии од времен или траен карактер.

Работата на општинските и регионалните канцеларии се уредува со унифициран Правилник за работа кој го донесува Извршниот одбор на здружението, а е во согласност со овој Статут.

Активностите на канцеларијата мора да се во согласност со овој Статут и законските норми во Република Македонија.

## 5.ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НИВНИТЕ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

**Член 15**

Органи на Здружението се:
- Собрание;
- Извршен одбор;
- Претседател;
- Генерален секретар;
- Технички Секретар
- Надзорен одбор.

## 5.А. СОБРАНИЕ

**Член 16**

Собранието е највисок орган на одлучување во Здружението.

Организацијата и работата на Собранието се уредува со Деловник за работа на Собранието и овој Статут.

**Член 17**

Собранието на Здружението го сочинуваат сите негови редовни членови со платена членарина за тековната година.

**Член 18**

Собранието работи на пленарни седници, најмалку еднаш во годината.

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Здружението по сопствена иницијатива, по барање на орган на Здружението или 1/5 од вкупниот број на делегати во Собранието на Здружението.

**Член 19**

Собранието може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеЌе од половината од вкупниот број на делегати.

Собранието донесува Одлуки со мнозинство гласови од присутните делегати, доколку не е поинаку предвидено со овој Статут.

За работата на Собранието се води Записник што го потпишуваат Претседателот, Генералниот Секретар, Записничарот на седницата и двајца заверувачи на Записникот.

**Член 20**

Собранието на Здружението ги има следниве права, должности и одговорности:
-донесува Статут и Програма на Здружението;
-врши измени и дополнувања на Статутот и Програмата;
-утврдува насоки за работа на Здружението;
-донесува и други акти утврдени со овој Статут;
-ги усвојува периодичните и годишните извештаи за работа на органите и телата на Здружението;
-го донесува Буџетот на Здружението и завршната сметка;
-одлучува за промена на целта на здружувањето;
-избира Претседател на Здружението;
-избира Генерален Секретар на Здружението;
- избира Технички Секретар;
-избира Извршен и Надзорен одбор на Здружението;
-формира работни тела на Здружението;
- донесува Деловник за својата работа;
-одлучува за промена на името на Здружението;
-одлучува за престанок со работа на Здружението со апсолутно мнозинство;
-одлучува за основање и укинување на канцеларии и други облици на организирање на Здружението;
-одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
-врши и други работи што произлегуваат од програмските определби или се утврдени со Закон, со други прописи или овој Статут.

**Член 21**

Правата, должностите и одговорностите на Собранието во итни случаи ги врши Извршниот одбор на Здружението, при што има обврска на првата наредна седница на Собранието да поднесе извештај за превземените активности.

## 5.Б.ИЗВРШЕН ОДБОР

**Член 22**

Извршниот одбор е извршен орган на Здружението.
Извршниот одбор брои 7 (седум) членови, со мандат од четири години.
Членови на Извршниот одбор се: Претседателот, Генералниот секретар, Техничкиот секретар и 4(четири) члена кои ги бира Собранието од редот на редовните членови.

**Член 23**

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот на Здружението,
Седниците на Извршниот одбор се свикуваат по предлог на:
-претседателот на Здружението;
-Генералниот секретар;
-најмалку 1/3 од неговите членови.

**Член 24**

Извршниот одбор полноважно може да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеЌе од половината од вкупниот број на членови.

Извршниот одбор своите одлуки ги донесува со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови, доколку со овој Статут не е предвидено поинаку.

За работата на Извршниот одбор се води Записник кој се усвојува на наредната седница, го потпишуваат Претседателот на Здружението, записничарот и двајца оверува;и.

**Член 25**

Извршниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

-ги подготвува седниците на собранието на Здружението;

-го подготвува нацртот на статутот и другите одлуки што треба да ги донесе собранието;

-усвојува правилници и нивни измени со кои се регулираат правилата и критериумите за работа на водичите, начинот на издавање дипломи и легитимации, програмите за обука и начините за нивна реализација

-му предлага ставови и заклучоци на Собранието;

-ги гради и реализира ставовите на Здружението;

-ги реализира ставовите и заклучоците на Собранието;

-може да формира стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа;

-може да формира комисии како помошни тела за поефикасно делување;

-управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;

-подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;

-донесува Деловник за својата работа;

-именува потписници на жиросметката на Здружението;

-именува претставници на здружението пред домашни и меѓународни организации;

-извршува и други работи што ќе му ги довери Собранието на Здружението и што призлегуваат од овој Статут.

**Член 26**

За својата работа Извршниот одбор одговара пред Собранието на Здружението.

Собранието на Здружението може да го отповика Извршниот одбор, или одделен негов член.

Предлог за отповикување на Извршниот одбор или одделен негов член може да поднесе орган на Здружението или најмалку 1/3 од делегатите на Собранието на Здружението.

Предлогот за отповикување мора да биде во писмена форма.

## 5.В.ПРЕСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 27

Здружението има Претседател.

Претседателот на Здружението своите права и должности ги врши врз основа на овој Статут и актите на Собранието.

### Член 28

Кандидат за Претседател на Здружението може да предложат најмалку двајца членови на Собранието на Здружението.

За избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на присутни делегати на Собранието.

Мандатот на Претседателот на Здружението трае 4 години, со право на реизбор.

### Член 29

Претседателот на Здружението ги има следните права, должности и одговорности:

-свикува и претседава со седниците на Собранието и Извршниот одбор;

-ја спроведува политиката на Здружението;

-го претставува и застапува Здружението;

-го координира функционирањето на Здружението;

-се грижи за спроведувањето на одлуките, заклучоците и другите акти на Здружението;

-ги потпишува актите на Здружението;

-предлага програма за развој на Здружението;

-предлага начин и форми на финасирање на Здружението;

-предлага кандидати за членови на Извршниот одбор;

-врши други работи што ќе му ги довери Собранието, Извршниот одбор или произлегуваат од Статутот.

### Член 30

Функцијата Претседател на Здружението престанува:

-по сопствено барање; и

-со разрешување од Собранието на Здружението.

За одговорноста на Претседателот на Здружението одлучува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број делегати, на предлог на најмалку 1/3 од вкупниот број делегати.

## 5.Г. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 31**

Генералниот Секретар на Здружението го избира Собранието од редот на лиценцираните водичи, по предлог на Претседателот или најмалку двајца членови на Собранието, а со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни делегати.

Мандатот на Генералниот Секретар трае 4 години, со право на реизбор.

**Член 32**

Генералниот Секретар ги има следните права, должности и одговорности:

-ја спроведува политиката на Здружението;

-ги подготвува седниците на органите на Здружението;

-ги координира активностите за спроведување на одлуките, заклучоците и ставовите на органите и телата на Здружението;

-ја организира и раководи со стручната служба на Здружението;

-предлага програма за развој на Здружението;

-предлага начин и форми на финасирање на Здружението;

-врши други работи што ќе му ги доверат органите на Здружението.

**Член 33**

Функцијата на Генералниот Секретарот на Здружението му престанува:

-по сопствено барање; и

-со одлука на Собранието на Здружението.

Предлог за разрешување на Генералниот Секретар на Здружението може да поднесат:

-орган на Здружението; и

-најмалку 1/3 од вкупниот број на делегати на Собранието.

## 5.Д. ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР

**Член 34**

Технички Секретар на Здружението го избира Собранието по предлог на Претседателот или најмалку двајца членови на Собранието, а со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни делегати.

Мандатот на Техничкиот Секретар трае 4 години, со право на реизбор.

**Член 35**

Техничкиот Секретар ги има следните права, должности и одговорности:

- ја води архивата на Здружението;

-ја спроведува политиката на Здружението;

-ги подготвува седниците на органите на Здружението;

-ги координира активностите за спроведување на одлуките, заклучоците и ставовите на органите и телата на Здружението;

-ја организира и раководи со стручните комисии и тела на Здружението;

-предлага програма за развој на Здружението;

-предлага начин и форми на финасирање на Здружението;

-врши други работи што ќе му ги доверат органите на Здружението.

**Член 36**

Функцијата на Техничкиот Секретар на Здружението му престанува:

-по сопствено барање; и

-со одлука на Собранието на Здружението.

Предлог за разрешување на Техничкиот Секретар на Здружението може да поднесат:

-орган на Здружението; и

-најмалку 1/3 од вкупниот број на делегати на Собранието.

## 5.Ѓ. НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 37**

Надзорниот одбор има 3(пет) членови што ги избира Собранието од членовите на здружението но не и од членовите на Извршниот одбор.

Претседателот на Надзорниот одбор го бира Одборот од редот своите членови.

Надзорниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

-врши контрола врз спроведување на Статутот на Здружението и другите акти на Здружението;

-по потреба врши толкување на одредбите од статутот на здружението.

-по потреба остварува контрола и поднесува извештај за прибирањето, користењето и располагањето на средствата на Здружението; и

-остварува и други права, должности и одговорности што се утврдени со закон или со овој Статут.

## 6.КОМИСИИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 38**

Здружението има комисии што ги извршуваат техничките, стручните, оперативните и другите работни задачи што се во интерес на Здружението.

Со комисиите раководи Претседателот на здружението.

Работата на комисиите се уредува со Правилник за работа на МАИВП што го носи Извршниот одбор на Здружението.

## 7.КОНТРОЛА ВРЗ РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 39**

Контролата врз работата на Здружението ја вршат нејзините органи и членови на начин утврден со овој Статут.

Контролата над законитостите на работењето на Здружението, во согласност со законите вршат надлежните органи и служби на Репулика Македонија.

**Член 40**

Членовите на Здружението имаат право на контрола врз работењето на Здружението преку Надзорниот одбор.

## 8.ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 41**

Здружението го претставува и застапува Претседателот.

## 9.СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ

**Член 42**

За остварување на своите цели и задачи, Здружението стекнува средства, и со нив располага во согласност со овој Статут и Закон.

**Член 43**

Здружението стекнува парични средства, предмети и материјални добра Што се обезбедуваат од:

1.членарина;
2.доброволни прилози;
3.приходи;
4.кредити;
5.подароци;
6.донации; и
7.буџет на Република Македонија.
8.здружението може да основа трговски друШтва за остварување на сретства за работа на истото

**Член 44**

Стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на Здружението се врши на начин утврден со општи прописи, со Законот и со овој Статут.

**Член 45**

Средствата на Здружението можат да се користат само за намени утврдени со финансискиот план и врз основа на соодветен документ.

Наредбодавач за извршување на финансискиот план, а во согласност со Законот, го утврдува Извршниот одбор на Здружението.

## 10.ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 46**

Здружението обезбедува известување на јавноста преку:

-обезбедување на непречено присуство на нејзините членови на седниците на органите и телата на Здружението;

-достапност на извештаите и другите материјали до членовите и заинтересираните лица;

-издавање на свој печатен или електронски Весник.

## 11.ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО СО РАБОТА И РАСПОЛАГАЊЕ НА НЕЈЗИНИОТ ИМОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК

**Член 47**

Здружението може да престане со работа доколку:

-за тоа со 2/3 мнозинство, одлучи Собранието на Здружението;

-бројот на своите членови се намали под бројот определен со Законот;

-настапи било која од причините утврдени со Закон, за престанок со работа на Здружението.

Во случај на престанок со работа на Здружението имотот и средствата остануваат во сопственост на Македонската Алпинистичка Федерација.

## 12.ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 48**

Иницијатива за измени и дополнувања на Статутот на Здружението може да поднесе секој орган или работно тело на Здружението.

**Член 49**

Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот се поднесува во писмена форма до Собранието.

Одлука за измени и дополнување на Статутот се носи со апсолутно мнозинство гласови од вкупниот број делегати на Собранието на Здружението.

## 13.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 50**

Прашањата кои не се регулирани со овој Статут се регулираат со акти на Собранието.

**Член 51**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Собранието, а помеѓу две седници на Собранието Надзорниот одбор.

**Член 52**

Овој Статут влегува на сила на денот на донесување.

Записничар:
Иван Јакимовски

Двајца оверувачи на

записникот:

______________________________

1. Ристе Калинов

______________________________

2. Владимир Цветковски

______________________________

Генерален Секретар:
Антонио Додевски

______________________

Претседател:
Костантин Циривири

_______________________

М.П.

Седница на собранието на МАИВП одржана на ден **:** 12.04.2014 год. во Скопје